# *СОДРЖИНА*


А-8-6 Извоз за облагородување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2
А-8-6-1 Општо. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2
А-8-6-1-1 Стока извезена за бесплатна поправка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3
А-8-6-1-2 Стока извезена за поправка во други ситуации . . . . . . . . . . . . . . . . 4
А-8-6-1-3 Стока извезена за замена . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
А-8-6-1-4 Стока извезена за облагородување во други ситуации . . . . . . . . . . . 7
А-8-6-2 Барање/одобрение . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10
А-8-6-2-1 Основни услови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11
А-8-6-2-2 Поедноставено давање одобрение . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
А-8-6-2-3 Посебни упатства кои се однесуваат на барање/одобрение . . . . . . . 14
А-8-6-3 Ставање на стока во постапка. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18
А-8-6-4 Надзор над постапката . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20
А-8-6-5 Завршување на постапка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 22
Прилози . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27

# *А-8-6 Извоз за облаґородување*

## А-8-6-1 Општо

При увоз на стока во Македонија вообичаено треба да се платат увозни давачки и ДДВ на целата царинска вредност на стоката. Кога домашна стока се извезува од Македонија таа го губи статусот на домашна стока, и ако подоцна повторно се увезе, со неа се постапува на ист начин како со странска стока, и подлежи на увозни давачки и ДДВ на целата царинска вредност.

*ЦЗ член 158 (1)*

Извозот за облагородување дозволува целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки и ДДВ за домашна стока којашто е повторно увезена како добиен производ откако претходно била привремено извезена од царинското подрачје на Република Македонија за да се подложи на операции на облагородување.
Операции на облагородување се :

- обработка на стока, вклучувајки нејзина монтажа или составување или нејзино вградување во друга стока,
- преработка на стока,
- доработка на стока, и
- поправка на стока, вклуќувајки нејзино враќање во првобитна состојба и оспособување.

*ЦЗ член 167*

Понатаму, постапката на извоз за облагородување дозволува целосно или делумно ослободување од плаќање увозни давачки и ДДВ за заменувачки производ којшто ја заменува стоката што се извезува од царинското подрачје на Република Македонија за поправка, таканаречен стандарден систем на замена.

Постапката на извоз за облагородување му овозможува на имателот на одобрение за извоз за облагородување да бара ослободување од плаќање увозни давачки и ДДВ за домашната стока којашто претходно била извезена за облагородување, доколку може да докаже дека извезената стока била употребена за производство или била вградена во добиените производи.

Со тоа се овозможува стопанството да употребува пониски трошоци за работна сила надвор од Македонија, и истовремено се стимулира употребата на домашните репро-материјали за производство на добиени производи. Стоката, исто така, може привремено да се извезе за процес на облагородување којшто не се врши во Република Македонија.

Мора да се напомене дека постапката на извоз за облагородување е практична за примена само кога и добиените производи и стоката за привремен извоз подлежат на увозни давачки и ДДВ.

**Поправка**

Постапката извоз за облагородување може да се одобри и за поправка на стоката. Постапката може да се одобри само ако стоката која привремено се извезува е подобна за тоа, односно ако во постапката за давање на

одобрение се констатира дека е можно да се изврши поправка на стоката која привремено се извезува.
Надзорниот царински орган е должен од документите приложени кон барањето да провери дали е можна поправка на стоката која е декларирана за привремен извоз поради поправка. Од коресподенцијата на странките, потребно е да се утврди дали е можно да се поправи стоката која е предмет на постапката.

Доколку царинскиот орган утврди дека приложените документи се недоволни, ќе побара дополнителни докази, и ако подносителот на барањето не ги достави, надзорниот царински орган ќе го одбие барањето. Исто така надзорниот царински орган нема да ја одобри постапката доколку констатира дека постапката за поправка на стоката се бара поради подобрување на техничките својства на стоката.

Одобрението за постапка на извоз за облагородување поради поправка може да се однесува на поправка на стока:

- привремено извезена, која повторно ќе се увезе,
- во старданден систем на замена, кога се увезува заменувачки производ во замена за извезената стока,
- во стандарден систем на замена, со претходен увоз на заменувачкиот производ.

Поправката на стоката, независно дали се врши во рамките на стандардниот систем на замена или не, може да биде со плаќање или без плаќање на трошоците за поправка. Поправка без плаќање се однесува на поправка поради договорените или со закон пропишани гаранциски обврски или производни недостатоци.

*ЦЗ член 158 (2)*

Кога стоката се става во постапка се применуваат мерките на трговска политика.

Ситуациите во кои може да се употребува постапката на извоз за облагородување се подетално разгледани во деловите од А-8-6-1-1 до А-8-6-1-4.

*Правна основа*

Царински закон: член 97-104 и член 158-173.
Уредба за спроведување на Царинскиот закон: член 311-333 и член 396- 403.
Закон за ДДВ.

## *А-8-6-1-1 Стока извезена за бесплатна поправка*

*ЦЗ член 165*

Кога расипана стока се поправа бесплатно во гарантен рок или заради грешка на производителот, може да се бара целосно ослободување од плаќање увозни давачки и ДДВ. Кон барањето мора да се приложи гарантен лист или договор кој претставува доказ дека поправката била бесплатна.

*УСЦЗ член 398*

Услов е извезената стока да може да се поправи и постапката да не се употребува заради подобрување на техничките карактеристики на стоката.

**Враќање на царинскиот долг**

Царинарницата може да одобри враќање на царинскиот долг, во согласност со одредбите од член 252 од ЦЗ и член 489 став 1 точка г од УСЦЗ, во ситуации кога стоката е привремено извезена за бесплатна поправка, поради договорени или со закон пропишани гаранциски обврски или поради производна грешка, па се утврди дека не е возможно да се изврши поправката, односно дека не е возможно да се отстрани грешката или недостатокот на стоката или нивното отстранување би било неекономично, а добавувачот одлучил трајно да ја задржи стоката. Овде се работи за случаи  во кои не доаѓа до примена на стандардниот систем на замена, затоа што не се враќа друга стока во замена за задржаната.
Со одредбите од член 489 став 1 точка г) од УСЦЗ е пропишано дека увозниот царински долг може да се врати доколку стоката, која била пуштена во слободен промет, накнадно му е вратена на добавувачот надвор од царинското подрачје во постапка на извоз за облагородување поради бесплатна поправка односно отстранување на грешки кои постоеле пред пуштање на стоката во слободен промет, или поради усогласување со условите од договорот врз основа на кој стоката е пуштена во слободен промет, при што добавувачот одлучил трајно да ја задржи стоката, затоа што не било возможно да се отстранат грешките односно недостатоците односно нивното отстранување би било неекономично.
Враќањето на царинскиот долг во наведените случаи се одобрува согласно член 252 став 2 од ЦЗ, на барање на декларантот кое на царинскиот орган му е поднесено во рок од 12 месеци од денот кога должникот е известен за долгот во смисла на член 235 од ЦЗ.

### *А-8-6-1-2 Стока извезена за поправка во други ситуации*

*ЦЗ член 166 (1)* Доколку поправката се плаќа, се плаќаат увозни давачки и ДДВ за добиените производи врз основа на царинската вредност која се одредува според трошоците за поправка. Притоа, доколку постои каква било поврзаност помеѓу иметелот на одобрение и лицето кое ја извршило поправката, тоа не смее да влијае врз висината на трошоците за поправка.

*УСЦЗ член 398* Услов е извезената стока да може да се поправи и постапката да не се употребува заради подобрување на техничките карактеристики на стоката.

Стоката чија поправка е извршена со плаќање на поправката, може делумно да се ослободи од плаќање на царина. Царинскиот долг се утврдува на основа на елементите за пресметка кои важат за добиената стока на денот на
прифаќање на декларацијата за пуштање во слободен промет.
Царинската вредност ја сочинува висината на трошковите на поправката во која се вклучени сите плаќања ( во пари, во стока или во услуга) кои ги извршил или треба да ги изврши иметелот на одобрението во корист на лицето кое ја врши поправката, или директните или индиректните плаќања кои се услов за извршување на поправката на привремено извезената стока, под услов тие трошкови да се единствено плаќање на иметелот на одобрението и да не се под влијание на било кој облик на поврзаност на иметелот на одобрението и лицето кое ја извршило поправката.

## *А-8-6-1-3 Стока извезена за замена*

**а) без претходен увоз**

*ЦЗ член 167 (1)* Стандардниот систем на замена може да се употребува за увоз на заменувачки производи за стоката што била извезена за поправка.

Стандардниот систем на замена во постапката на извоз за облагородување се одобрува со цел , наместо добиениот производ, да се увезе друг увозен производ - заменувачки производ. Надзорниот царински орган може да одобри примена на стардандниот систем на замена во случаи кога поправката се однесува на домашна стока.

Заменувачките производи мора да имаат иста тарифна ознака, ист трговски квалитет и исти технички карактеристики како и стоката која е привремено извезена за поправка.

Кога привремено извезената стока била употребувана пред извозот и заменувачките производи мора да бидат употребувани, а не нови.

Царинскиот орган претходно проверува дали се исполнети условите за примена на стардардниот систем на замена. Подносителот на барањето на надзорниот царински орган мора да му докаже дека замената не е договорена поради подобрување на техничките особини на стоката. За таа цел, надзорниот царински орган може да го провери договорот, фактурите и други придружни документи во врска со поправката, при што посебно треба да се внимава на условите предвидени со договорот или фактурите, посебно условите на плаќање. Од поднесените документи (договор, профактури, коренспонденција мегу странките и др.) мора јасно да произлезе дека поправката ќе се изврши на начин што ќе овозможи да се испорача заменувачки производ кој ги исполнува сите услови.
Бидејки одредбите на Царинскиот закон кои се применуваат за добиени производи се однесуваат и на заменувачките производи, при примена на стандардниот систем на замена, целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки се утврдува согласно членовот 159 од Царинскиот закон.
Кај стандардниот систем на замена без претходен увоз, кога истовремено се врши привремен извоз на стока на поправка и увоз на заменувачкиот производ, на царинскиот орган истовремено му се поднесува царинска декларација со која се извезува домашната стока и царинска декларација за пуштање на заменувачките производи во слободен промет. Се постапува на ист начин како кога е домашната стока претходно извезена, а дополнително се увезува заменувачкиот производ.
Царинскиот орган ги утврдува елементите за пресметка на царинскиот долг, и за целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки. Целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки се утврдува така што од износот на увозни давачки пресметани за заменувачкиот производ кој се пушта во слободен промет се одзема износот на увозни давачки кои би се пресметале истиот ден за извезената стока,

кога би се увезувала во Република Македонија од земјата во која била предмет на производниот процес или земјата во која била последната активност. Износот кој се одзема се одредува врз основа на елементите за пресметка кои важат за привремено извезената стока на денот на прифаќање на декларацијата со која стоката е ставена во постапка на извоз за облагородување.
Пресметката на царинскиот долг се врши на посебен образец од Прилог 3 кон ова упатство и е составен дел на декларацијата. Пресметката се прави во два примероци, од кои еден примерок се дава на имателот на одобрение заедно со неговиот примерок од декларацијата со која заменувачките производи се пуштаат во слободен промет, а другиот примерок царинскиот орган го одложува заедно со декларацијата и соодветните исправи. Вкупно пресметаниот износ на царински долг - разлика на пресметаните увозни давачки и ДДВ, се запишува во рубрика 47 на увозната декларација.

**б) со претходен увоз**

*ЦЗ член 167 (4)*

Трговското друштво може да има потреба од увоз на заменувачки производи пред да ја извезе расипаната стока. Ова се нарекува "претходен увоз". Доколку сака да употреби стандарден систем на замена со претходен увоз, царинскиот орган ќе побара од него обезбедување на гаранција за покривање на можните увозни давачки и ДДВ за стоката што се увезува.

*ЦЗ член 170*

Во случај на претходен увоз, расипаната стока мора да се извезе во рок од два месеца од увозот на заменувачките производи. Во посебни околности, надзорниот царинскиот орган може да го продолжи овој рок (не повеќе од уште два месеца). Доколку е потребно вакво продолжување, имателот на одобрение треба да го извести надзорниот царински орган во најкраток можен рок.

Доколку се применува стандардниот систем на замена со претходен увоз на заменувачкиот производ, постапката се изведува на тој начин што кај надлежниот царински орган се поднесува царинска декларација за пуштање на заменувачкиот производ во слободен промет.. Со декларацијата се приложува и одобрение за спроведување на постапката на извоз за облагородување. Во моментот на пуштање на заменувачките производи во слободен промет не се врши ниту пресметка ниту наплата на царинскиот долг за заменувачкиот производ (за евентуалниот царински долг мора да се приложи гаранција). Царинскиот орган има обврска да се грижи за обврската за извоз на домашната стока во рок од два месеци односно во подолг рок доколку е одобрен .
Доколку е исполнета презематата обврска за извоз, односно, кога извозот е завршен во рок од два месеци, односно во продолжениот рок кој царинскиот орган го одобрил врз база на благовремено и добро образложено барање, по извршениот извоз царинскиот орган го утврдува целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки за заменувачкиот производ. Пресметката на царинскиот долг се утврдува со решение (во зависност од организацијата на работата во Царинарниците, решението се носи или во царинската испостава или во Одделение за управни и прекршочни постапки). Покрај тоа во декларацијата со која заменувачкиот производ се пушта во слободен промет се врши измена на податоци, согласно упаството од Секторот за АОП.

Целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки се утврдува на тој начин што од износот на увозни давачки пресметани за заменувачкиот производ кој е пуштен во слободен промет се одбива износот на увозни давачки кои би се пресметале за извезената стока, кога истата би се увезувала во Република Македонија од земјата во која била предмет на производни активности или од земјата во која вила последната активност.
При утврдување на целосното или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки, елементите за пресметка на царинскиот долг се утврдуваат:

- за заменувачки производ - на денот на прифаќање на декларацијата за пуштање на заменувачкиот производ во слободен промет,
- за извезената стока - на денот на прифаќање на декларацијата со која стоката се извезува.

Кај делумното ослободување од плаќање на увозни давачки, на утврдениот износ на царински долг не се пресметува камата. Вкупно пресметаниот царински долг (увозни давачки, ДДВ) се запишуваат во рубрика 47 од декларацијата.

### Пресметка на царински долг за заменувачки производи

Во случаи во кои имателот на одобрение не ја исполни преземената обврска и стоката не ја извезе во рок од два месеци односно во подолг рок кој е претходно одобрен, царинскиот орган ке изврши пресметка на царинскиот долг за заменувачките производи. Се смета дека царинскиот долг настанал со пуштање на стоката во слободен промет, согласно одредбите од член 216 од Царинскиот закон.
Царинскиот долг се утврдува со решение (донесено во царинската испостава или во Одделение за управни и прекршочни постапки), врз основа на елементите за пресметка утврдени во царинската декларација со која заменувачките производи се пуштени во слободен промет. На пресметаниот износ на царински долг се пресметува камата. Вкупниот износ на царински долг за заменувачките производи кој е пресметан во решението (увозни давачки, ДДВ, компензаторна камата) се запишува во рубрика 47 од декларацијата.

Доколку имателот на одобрение наместо да ја извезе расипаната стока сака да ја стави во друго царински дозволено постапување или употреба, на пример со внесување во царински склад или слободна економска зона или со уништување, тогаш тоа мора да биде одобрено од страна на надзорниот царински орган со цел ослободување на приложената гаранција.

## *А-8-6-1-4 Стока извезена за облагородување во други ситуации*

За операции на облагородување постојат две опции за пресметување на увозните давачки и ДДВ што се плаќаат за стоката добиена во постапка на извоз за облагородување: метод на додадена вредност и метод за разлика помеѓу давачките. Износот на увозни давачки и ДДВ за кој што може да се побара ослободување од плаќање зависи од методот за пресметување што се употребува и од царинските стапки коишто се применуваат за извезената

стока и добиените производи. Доколку имателот на одобрение ги исполнува условите, тогаш тој може да го употреби методот којшто овозможува ослободување од плаќање на поголемиот износ на увозни давачки и ДДВ.

Од подолу споменатите објаснувања за двата метода произлегува дека во некои околности, на пример доколку царинската стапка за привремено извезената стока е поголема од царинската стапка за добиените производи, со употребата на методот за разлика помеѓу давачките може да се добие ослободување од плаќање на поголем износ на увозните давачки и ДДВ отколку при употреба на методот за додадена вредност. Имателот на одобрение може да ги пресмета увозните давачки и ДДВ употребувајќи ги двата метода со цел да утврди кој од нив му овозможува поголема корист.

***Метод на додадена вредност***

*ЦЗ член 166 (2)* Со овој метод се наплаќаат увозни давачки и ДДВ на износот на трошоците за облагородување на извезената стока и транспортот и другите трошоци, на добиените производи назад во Република Македонија. Се применува истата царинска стапка што се применува и за добиените производи. За да го примени овој метод, имателот на одобрение мора:

- да ги пресмета трошоците за облагородување во согласност со фактурата;
- да ги пресмета другите трошоци за враќање на добиените производи;
- да ги пресмета увозните давачки и ДДВ на износот на двете вредности, според царинската стапка којашто се применува за добиените производи.

Во повеќето случаи, кога царинската стапка за извезената стока е пониска од царинската стапка за добиените производи, со употреба на овој метод се обезбедува максимално ослободување од плаќање.

*УСЦЗ член 402* Методот на додадена вредност не може да се употреби доколку привремено извезената стока, пред да биде ставена во постапка на извоз за облагородување, била

- пуштена во слободен промет со царинска стапка нула (како на пример во рамките на договорите за слободна трговија), и
- е стока која не е со домашно потекло.

Можноста за употреба на методот на додадена вредност се дава во одобрението за извоз за облагородување.

**Пример**

Домашно трговско друштво има одобрение за извоз за облагородување на ткаенина, копчиња и конец за шиење во Турција за производство на кошули и враќање на добиените производи (кошулите) во Македонија. Сета извезена стока е вградена во добиените производи:

| Извезена стока | Тарифна ознака | Царинска стапка за увоз | Царинска вредност |
|---|---|---|---|
| Ткаенина | 5512.xx.xx.xx | 8 % | 500.000 денари |
| Копчиња | 9606.xx.xx.xx | 5 % | 50.000 денари |
| Конец | 5401.xx.xx.xx | 2 % | 40.000 денари |
| **Вкупна вредност на извезената стока** | | | **590.000 денари** |
| Трошоци за облагородување | | | 300.000 денари |
| Транспорт, осигурување итн. | | | 50.000 денари |
| **Добиени производи** | **Тарифна ознака** | **Царинска стапка** | |
| Кошули | 6105.xx.xx.xx | 15 % | |
| **Вкупна вредност на добиените производи (кошули)** | | | **940.000 денари** |

| | |
|---|---|
| Трошоци за облагородување во согласност со фактурата | 300.000 денари |
| Транспорт, осигурување итн. | 50.000 денари |
| Царинска вредност врз основа на која се пресметуваат увозни давачки | 350.000 денари |
| **Царинска стапка - 15 %** | **52.500 денари** |
| Царинска вредност врз основа на која се пресметува ДДВ | 402.500 денари |
| **Стапка на ДДВ - 18%** | **72.450 денари** |

Доколку за добиените производи не може да се употреби методот **на додадена вредност**, имателот на одобрение мора да го употреби методот **на разлика помеѓу давачките.**

***Метод на разлика помеѓу давачките***

*ЦЗ член 164 (1)*

Овој метод овозможува ослободување од плаќање, така што од износот на увозните давачки кои се пресметуваат за добиениот производ кој се пушта во слободен промет се одзема износот на увозните давачки кои би се пресметале на истиот ден за стоката за привремен извоз. За да го примени овој метод, имателот на одобрение мора:

- да ги пресмета царинската вредност и увозните давачки на увезените добиени производи со употреба на еден од вообичаените методи за утврдување на вредност (види дел А-4);
- да ја пресмета царинската вредност и увозните давачки коишто би се платиле за извезената стока доколку била истовремено увезена од иста земја како и добиените производи;
- да ги пресмета увозните давачки врз основа на разликата помеѓу увозните давачки за добиените производи и евентуалните увозни давачки за извезената стока.

Во некои случаи, доколку царинската стапка за привремено извезената стока е повисока од стапката за добиените производи, тоа може да значи дека воопшто не треба да се платат увозните давачки.

Доколку износот кој што се одзема за привремено извезената стока е повисок од износот што треба да се плати за добиените производи, не може да се бара враќање.

*УСЦЗ 401 (1)* Долунаведените давачки коишто вообичаено се применуваат за привремено извезената стока, доколку биле увезени од земјата каде што било извршено последното облагородување, не се вклучени во пресметување на износот кој се одзема:

- анти-дампинг давачки
- компензаторни давачки

**Пример**

Домашно трговско друштво има одобрение за постапка на извоз за облагородување согласно кое извезува ткаенина, копчиња и конец за шиење во Турција со цел да ја облагороди оваа стока во кошули и да ги врати добиените производи (кошули) во Македонија. Сета извезена стока е вградена во добиените производи:

| **Извезена стока** | **Тарифна ознака** | **Царинска стапка за увоз** | **Царинска вредност** |
|---|---|---|---|
| Ткаенина | 5512.xx.xx.xx | 8 % | 500.000 денари |
| Копчиња | 9606.xx.xx.xx | 5 % | 50.000 денари |
| Конец | 5401.xx.xx.xx | 2 % | 40.000 денари |
| **Вкупна вредност на извезената стока** | | | **590.000 денари** |
| Трошоци за облагородување | | | 300.000 денари |
| Транспорт, осигурување | | | 50.000 денари |
| **Добиени производи** | **Тарифна ознака** | **Царинска стапка** | |
| Кошули | 6105.xx.xx.xx | 15 % | |
| **Вкупна вредност на добиените производи (кошули)** | | | **940.000 денари** |

| **Стока** | **Царинска вредност** | **Царинска стапка** | **Увозни давачки** |
|---|---|---|---|
| Кошули | 940.000 ден. | 15 % | 141.000 ден. |
| Ткаенина | -500.000 ден. | 8 % | -40.000 ден. |
| Копчиња | -50.000 ден. | 5 % | -2.500 ден. |
| Конец | -40.000 ден. | 2 % | -800 ден. |
| | **350.000 денари** | **Царинска вредност врз основа на која се пресметуваат увозни давачки** | **97.700 ден.** |
| Царинска вредност врз основа на која се пресметува ДДВ | 350.000 ден. + 97.700 ден. | | **447.700 ден.** |
| Стапка на ДДВ - 18% | | | **80.586 ден.** |

## А-8-6-2 Барање/одобрение

Постапката на извоз за облагодорување може да се употреби само кога Централната Управа на Царинската Управа дала одобрение пред или

најдоцна со првиот извоз на стока за облагородување. Во посебни околности, одобрението може да се даде ретроактивно (види А-8-2).

### *А-8-6-2-1 Основни услови*

*ЦЗ член 160*
*УСЦЗ член 312 (1)*

Барањето за одобрение го поднесува лице кое ја врши постапката или е организатор на постапката со пополнување на образец (барање и прилог на барањето) од Прилог 27 (види А-8-1-1).

Потпишаното барање се доставува до надзорниот царински орган. Кон барањето се приложуваат дополнителни докази или документи за податоците (на пример, доказ за економските услови, нормативот, евиденцијата и др.) кои се дадени во барањето и чие доставување е неопходно за да може да се разгледа и одлучи по барањето.

Надзорниот царински орган го разгледува барањето и приложените документи врши контрола кај подносителот на барањето. Во контролата учествуваат вработени во Надзорниот царински орган, вработени во Одделението за контрола и ревизија и по потреба вработени во Секторот за АОП.

По извршената контрола Надзорниот царински орган пишува мислење за поднесеното барање. Мислењето треба да биде исцрпно, јасно и да ги содржи резултатите од извршената контрола и проверки. Надзорниот царински орган мислењето и барањето за одобрение го доставува до Централната управа во рок од 20 дена од денот на прием на комплетното барање за одобрение.

Рокот од 20 дена престанува да тече доколку Надзорниот царински орган барањето го вратил за дополнување и доставување на одредена документација. Со доставување на истите рокот започнува одново да тече.

*ЦЗ член 99*
*ЦЗ член 161*
*УСЦЗ член 315 (4)*
*УСЦЗ член 396*

| Надзорниот царински орган може да даде мислење само доколку: | |
|---|---|
| 1 | Подносителот на барање е регистриран во Република Македонија |
| 2 | Извезената стока може да се препознае во добиените производи (освен за стока во стандарден систем на замена) |
| 3 | Економските услови се исполнети - ова значи дека со употребата на постапката не се оштетени интересите на домашните производители |
| 4 | Може да врши надзор и следење на постапката |
| 5 | Неопходните административни активности не се непропорционални со економската корист од одобрената постапка |

| 6 | Извезената стока мора да е домашна стока* |
|---|---|

*ЦЗ член 159 (1)*

**Домашна стока е стока којашто потекнува од Република Македонија или стока којашто е увезена за пуштање во слободен промет во Република Македонија за којашто сите царински формалности се завршени и сите увозни давачки и ДДВ се платени (стоката не смее да биде пуштена во слободен промет со целосно ослободување од плаќање увозни давачки и ДДВ заради нејзината крајна употреба). Кога имателот на одобрение извезува стока во постапка на извоз за облагородување, тој не може да бара враќање или простување на увозните давачки, ниту какво било друго враќање или други финансиски олеснувања. Тој, исто така, мора да ги плати сите други извозни давачки или други износи во целост.*

Одобрението го дава Централната управа на Царинската управа Сектор за царинско правни работи. Центалната управа го евидентира истото и му доделува број. Доколку подносителот не ги исполнува условите Централната управа го одбива барањето. Одобрението се издава во три примероци:

- еден примерок за подносителот на барањето;
- еден примерок за Централната управа на Царинската управа;
- еден примерок за надзорниот царински орган.

Надзорниот царински орган прави досие за имателот на одобрение заедно со примерок од одобрението и сите приложени документи.

**Дополнителни услови за стандарден систем на замена**

*ЦЗ член 168 (1)*

Заменувачките производи увезени во стандарден систем на замена мора:

- да имаат иста тарифна ознака;
- да имаат ист комерцијален квалитет;
- да имаат исти технички карактеристики како и стоката за привремен извоз доколку била поправена;

*ЦЗ член 172*

Вториот услов во горната табела (увозната стока може да се препознае во добиените производи) не се применува кај стандарднииот систем на замена.

*ЦЗ 168 (2)*

Доколку расипаната стока била употребувана, тогаш и заменувачките производи мора да биле употребувани и не смеат да бидат нови производи. Овој услов не се применува доколку заменувачките производи се доставени бесплатно затоа што расипаната стока е во гарантен рок или поради производна грешка.

Стандардниот систем на замена не се употребува заради подобрување на техничките карактеристики на опремата, но за стока во гарантен рок за којашто добавувачот не може да обезбеди заменувачки производ (на

пример, затоа што расипаната стока веќе не се произведува), може да се увезе стока којашто е најсоодветна.

### *А-8-6-2-2 Поедноставено давање одобрение*

*УСЦЗ чл. 312 (3) ѓ)* Кога операциите за облагородување се однесуваат на поправка, вклучувајќи и стандарден систем на замена, постои можност за поедноставено давање на одобрение.

*УСЦЗ член 316 б)* Во вакви ситуации, кога постои можност за поедноставено давање на одобрение, декларацијата со која стоката се става во постапка може да се смета како барање. Ако царинскиот орган на влез ја прифати декларацијата, тогаш истата претставува одобрение.

При поедноставено давање на одобрение, царинскиот орган за ставање во постапка, за завршување на постапка и за надзор над постапката треба да се наоѓаат во иста Царинарница.

Гореспоменатите царински органи мора да бидат во местото каде што се води главното книговодство на подносителот на барање.

Поедноставеното давање на одобрение се употребува само кога е возможно лесно и едноставно следење и надзор над постапката.

Стоката се декларира со вообичаено пополнување на декларација, т.е. опис на стоката, тарифна ознака, царинска вредност, итн. (види А-8-6-3).

Притоа треба да се обрне внимание на следните рубрики во ЕЦД:

**Рубрика 37** Се внесува шифрата за царинската постапка од кодексот на шифри.

*УСЦЗ член 314* **Рубрика 44** Дополнителни податоци во врска со постапката за која е поднесено барањето:

- Вид на облагородување на стоката (бесплатна поправка или поправка за која се плаќа, систем на замена со или без претходен увоз)
- Технички опис на стоката што се става во постапка
- Предложени начини на идентификација на извезената стока во добиените производи (види рубрика 12 во овој дел)
- Време потребно за завршување на постапката (види рубрика 13 во овој дел)
- Местото каде што треба да се изврши облагородувањето

Овие дополнителни податоци најчесто се наведуваат на посебен лист кој се приложува кон царинската декларација- Прилог X

Во ситуација кога се употребува поедноставено одобрение, царинскиот орган за ставање во постапка е должен да ја достави декларацијата пред нејзиното прифаќање заедно со сите приложени документи до надзорниот царински орган, кој, доколку соодветните услови се исполнети, ја заверува декларацијата со ознаката ”одобрено”. Со други зборови декларантот треба претходно да добие согласност од надзорниот царински надзор а потоа да ја однесе парафираната декларација кај царинскиот орган за ставање во постапка.
Царинскиот орган за ставање во постапка, по прифаќањето на декларацијата за поедноставено давање на одобрение за извоз за облагородување, мора да ја испрати оригиналната декларација заедно со сите приложени документи до надзорниот царински орган кој врши надзор над постапката.

Поедноставеното давање на одобрение може да се врши само повремено. Доколку увозникот постојано извезува стока за поправка или замена со употреба на поедноставено давање на одобрение, надзорниот царински орган може да не го одобри и да побара барање за редовна постапка на давање одобрение за извоз за облагородување.

## *А-8-6-2-3 Посебни упатства кои се однесуваат на барање/одобрение*

Образецот на барањето и одобрението (Прилог 27) се речиси идентични. Кон овој образец се приложени појаснувачки забелешки кои даваат детален опис за начинот на пополнување на некои од важните рубрики во него.

**Рубрика 5 - Место и вид на евиденција**

Се запишува местото каде се наоѓа главното книговодство (ако е различно од рубрика 1). Ова е местото каде се наоѓаат комерцијалните, даночните и другите сметководствени материјали.

*УСЦЗ член 311ж)* Се запишува видот на евиденција. Евиденција се податоци што ги содржат сите потребни информации и технички податоци, кои му овозможуваат на царинскиот орган вршење надзор и контрола на постапката на извоз за облагородување.

*УСЦЗ член 326(1)(3)* За да се обезбеди правилна употреба на постапката, царинскиот орган може да побара од имателот на одобрение да води евиденција која ги содржи сите податоци потребни за правилна пресметка на сите увозни давачки и ДДВ кои евентуално би требало да се платат. Тие треба да содржат:

*УСЦЗ член 327*

- Податоци за количината стока ставена во постапка. Имателот на одобрение треба да се погрижи начинот на евиденција да му овозможи следење на количината на стоката ставена во постапка;

- Вид на стока ставена во постапка т.е. комерцијален или технички опис на стоката што ќе овозможи нејзина идентификација (ова треба да одговора на описот на стоката во одобрението);

- Место и време на ставање на стоката во постапка и документи кои се однесуваат на ставање на стоката во постапка;

- Вид на облагородување кое се врши на стоката;

- Место кадешто се врши облагородувањето;

- Начин на кој стоката ставена во постапка се препознава во добиените производи, на пример обележјата на производителот, сериски броеви, втиснати ознаки и пломби, и други ознаки на добиените производи, мостри, илустрации, технички опис, анализа или други дополнителни документи кои јасно покажуваат дека добиениот производ е добиен од стоката ставена во постапка;

- Податоци за производство кои го утврдуваат стварниот норматив, т.е. колку производи се добиени, заедно со споредните добиени производи;

- Место и време на повторен увоз на добиените производи, и документите во врска со тоа.

Евиденцијата мора да покаже како стоката може да се следи од привремениот извоз преку облагородувањето до повторниот увоз и да обезбеди податоци за место, време, вредност, количина и сл.

**Рубрика 8 - Норматив**

*УСЦЗ член 328*

Нормативот е количина на добиени производи направени од дадена количина привремено извезена стока. Се употребува за пресметка на износот на увозни давачки и ДДВ за кои се бара целосно или делумно ослободување од плаќање при повторен увоз на добиените производи.

Во барањето мора прецизно да биде наведен предвидениот норматив или методот според кој истиот се пресметува. Кога е потребно, подносителот на барањето го докажува начинот на определување на нормативот со соодветни докази кои се приложуваат кон барањето (скици, нацрти, кројни листи, шаблони, рецептури и слично).

Кога барањето се однесува на повеќе видови добиени производи, мора да се дадат нормативи за секој поединечен вид на добиен производ.

Начинот на определување на нормативот е подетално објаснет во Прилог А.

*УСЦЗ член 328(1)*
*ЦЗ член 162 (2)*

Нормативот или методот според кој истиот се пресметува се одредува во одобрението, врз основа на податоците наведени во барањето. Доколку се приложени „лист со дополнителни објаснувања” или „листа на материјали” тогаш нормативот може да се изрази единствено со повикување на нив.

**Рубрика 10 - Економски услови**

*УСЦЗ член 396* Економските услови (интересите на македонските производители да не се сериозно повредени) се смета дека се исполнети освен во случај кога постојат индикации кои укажуваат на спротивното.

Тоа значи дека оваа рубрика не се пополнува освен ако тоа го побара Централната Управа на Царинската Управа.

**Рубрика 12 - Идентификација**

Привремено извезената стока треба да може да се идентификува во добиените производи кога истите повторно се увезуваат, освен при употреба на стандарден систем на замена.

*УСЦЗ член 397 (1)* Начинот на идентификација на привремено извезената стока (рубрика 7) во добиените производи (рубрика 8) треба да се наведе од страна на подносителот на барањето и се прифаќа од страна на Централната управа на Царинската управа со употреба на една од следниве шифри:

1. Сериски број или број на производителот
2. Прицврстување на пломби, печати или други обележја
4. Земање на мостри, илустрации или технички опис
5. Вршење на анализа
6. Информативен лист (Прилог 56)
7.Останати средства за идентификација како што е евиденцијата од рубрика 5. Деталите мора да се објаснат во рубрика 16.

Употребата на евиденција е најпогоден метод за утврдување на начинот на идентифација на стоката од рубрика 7 во добиените производи од рубрика 8.

Во одобрението, како основно правило, се пропишува кои методи се употребуваат од страна на царинските органи со цел да се исполнат барањата за идентификација.

*УСЦЗ 397 (2)* Во ситуации кога горенаведената идентификација не е можна заради природата на операциите за облагородување, одобрение сепак може да се даде во добро оправдани случаи.

Услов за тоа е подносителот на барање да обезбеди доволни гаранции дека стоката употребена за облагородување е истоветна со привремено извезената стока.

Стоката е истоветна кога:

- има иста десетоцифрена тарифна ознака согласно Царинската тарифа
- има ист трговски квалитет;
- има исти технички карактеристики како привремено извезената стока;

Понатамошните податоци се запишуваат во рубрика 20.

**Рубрика 13 - Рок за завршување**

*ЦЗ 162 (1)*
*УСЦЗ 399 (1)*

За постапката на извоз за облагородување се утврдува краен рок за облагородување или рок за завршување, т.е. краен рок за повторен увоз на добиените производи. Рокот се утврдува земајќи ги предвид операциите за облагородување на стоката.

Централната управа на Царинската управа го одредува рокот во одобрението.

Рок од 6 месеци се одобрува без никакви проверки.

Во одредени околности, рокот може да се продолжи дури и по истекот на првобитно одредениот рок.

Рокот за завршување започнува од датумот кога имателот на одобрение извезува стока во постапка на извоз за облагородување. Рокот за завршување истекува кога добиените производи или стоката во непроменета состојба повторно се увезуваат или им се доделува друго царински дозволено постапување или употреба со коишто се завршува постапката на извоз за облагородување.

Иако не постојат ограничувања за времето дозволено за облагородување, тоа треба да се наведе во барањето. Овој податок е корисен за надзорниот царински орган при вршење на контрола на евиденцијата.

**Рубрика 16 - Дополнителни податоци**

Вообичено не се бара периодично доставување на евиденција до надзорниот царински орган. Сепак, Централната управа на Царинската управа може да побара периодично доставување на евиденција.

Во ваков случај, тоа се наведува во оваа рубрика заедно со дополнителни податоци за времето и начинот на доставување на евиденцијата.

**Рубрика 18 - Систем**

Доколку подносителот на барање сака да ги употреби долунаведените системи, тоа мора да го наведе со употреба на една од соодветните шифри:

| Шифра | Систем |
|---|---|
| 1 | Стандарден систем на замена без претходен увоз |
| 2 | Стандарден систем на замена со претходен увоз |

Истите шифри се употребуваат во одобрението како податок дали е одобрена употреба на споменатите системи.

**Рубрика 19 - Заменувачки производи**

Кога во рубриката 18 се бара употреба на стандарден систем на замена, во оваа рубрика треба да се наведат десетоцифрената тарифна ознака,

трговскиот квалитет и техничките карактеристики на заменувачките производи.

Овие податоци мора да бидат детални со цел Централната управа на Царинската управа да може да врши неопходна споредба помеѓу привремено извезената стока и заменувачките производи.

Шифрите наведени во рубрика 12 може да се употребат како дополнителни средства за споредба.

**Рубрика 20 - Член 397 (2)**

Кога природата на операциите на облагородување не дозволува да се утврди дали добиените производи се добиени од привремено извезената стока, одобрение сепак може да се даде во добро оправдани случаи под услов подносителот на барање да може да понуди доволно гаранции дека стоката употребена во постапката на облагородување има:

- иста десетоцифрена тарифна ознака
- ист трговски квалитет
- исти технички карактеристики

со привремено извезената стока.

Доколку се поднесува барање за такво одобрение во оваа рубрика се запишува “Да” и се наведуваат соодветни детали.

Шифрите дадени во рубрика 12 може да се употребат како дополнителни средства за оваа цел.

## А-8-6-3 Ставање на стока во постапка

Стоката се става во постапка на извоз за облагородување врз основа на:

*УСЦЗ член 116* 1. Царинска декларација во редовна постапка; или

*УСЦЗ член 193* 2. Непотполна декларација; или

*УСЦЗ член 193* 3. Поедноставена декларација во случај на поедноставена постапка за декларирање; или

*УСЦЗ член 193* 4. Запишување на стоката во евиденцијата во случај на постапка на локално царинење.

Стоката треба да се стави во постапка за време на рокот на важење на одобрението.

Поедноставените постапки (2, 3 и 4) се подетално разгледани во Дел В-1.

***Царинска декларација во редовна постапка***

**Поднесување на декларација**

Декларацијата се поднесува кај царинскиот орган за ставање во постапка наведен во одобрението. Ако декларацијата е поедноставено барање за употреба на постапка, тогаш декларацијата се поднесува кај царинскиот орган кадешто се наоѓа главното книговодство на подносителот на барање.

Бројот на одобрението за постапка на извоз за облагородување мора да биде јасно наведен во декларацијата.

*УСЦЗ член 321* Во исклучителни случаи, на барање на имателот на одобрението кое се поднесува во слободна форма, надзорниот царински орган може со забелешка на барањето да одобри царинската декларација за ставање во постапка да се поднесе кај царински орган кој не е наведен во одобрението.

**ЕЦД**

*УСЦЗ чл. 116 и 120* Царинска декларација во редовна постапка се поднесува на Единствен царински документ, со пополнување на сите рубрики согласно кодексот на шифри, пропишан од Министерот за финансии. При пополнувањето на Единствениот царински документ треба да се обрне посебно внимание на следниве рубрики:

| Рубрика | Податоци што се внесуваат |
|---|---|
| **1** | Во првата подрубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри (EX) а во втората подрубрика се запишува првата бројка од шифрата наведена во првата подрубрика од рубрика 37 (2 за привремен извоз во постапка на извоз за облагородување). |
| **2** | Назив, адреса и даночен број на имателот на одобрение. |
| **31** | Вообичаен трговски назив на стоката со сите потребни податоци кои овозможуваат идентификација на стоката, на начин како што тоа е дадено во одобрението. |
| **33** | Тарифна ознака на стоката запишана во рубрика 31. |
| **37** | Во првата подрубрика се запишува шифра за царинската постапка од кодексот на шифри со четири бројки составена од шифра од две бројки која ја означува бараната постапка после која следат вторите две бројки кои ја означуваат претходната постапка (на пример за привремен извоз за стока во постапка на извоз за облагородување доколку немало претходна постапка 2100). Втората подрубрика се пополнува за специфични постапки, со шифра составена од буква после која следат две бројки. |
| **44** | Шифра на надзорен царински орган/евиденционен број на одобрението/година. Доколку се извезува стока која е во постапка на увоз за облагородување, мора да се наведе повикување и на тоа одобрение.<br>Доколку се употребува поедноставено давање на одобрение, мора да се наведат дополнителни податоци (види дел А-8-6-2-2). |

**Документи што ја придружуваат декларацијата**

*УСЦЗ чл. 127(1) д)* Кон царинската декларација треба да бидат приложени:

- фотокопија од одобрението за спроведување на постапката
- сите други документи потребни за примена на прописите.

Ако стоката е ставена во постапка на извоз за облагородување со поедноставено давање на одобрение документот со дополнителни податоци исто така треба да се приложи кон ЕЦД (види Дел А-8-6-2-2).

***Доказ за извоз***

Имателот на одобрение треба да се погрижи да го чува заверениот лист бр.. 3 од ЕЦД- извозната декларација во својата евиденција како доказ дека стоката била извезена во постапка на извоз за облагородување. Овој лист

бр. 3 треба да биде ставен на увид при повторен увоз на добиените производи (види дел А-8-6-5).

***Царинење во царинскиот орган за ставање во постапка***

Покрај редовното царинење и контрола кои се вршат кога стоката се пушта во слободен промет (вредност на стоката, царинска вредност, итн.) мора да се направат следниве проверки:

- Мора да се поднесе фотокопија од одобрението заедно со декларацијата
- Одобрението мора да е важечко
- Извезената стока мора да е наведена во рубрика 7 од одобрението
- Декларацијата мора да биде пополнета согласно горенаведените упатства за пополнување на рубриките во ЕЦД
- Се применуваат сите видови мерки на трговска политика кои се однесуваат на извоз на стоката од царинското подрачје.

За сите царински декларации ставени во постапка на извоз за облагородување во претходниот ден, потребно е да се изготви извештај во три примероци. Два примерока од извештајот со сите оригинални царински декларации со приложените документи треба да се доставaт до надзорниот царински орган наведен во одобрението. Надзорниот царински орган заверува една копија од извештајот и ја враќа на царинскиот орган за ставање во постапка, кој го става извештајот во посебен регистратор со извештаи како потврда за прием на првиот примерок на извештајот.

## А-8-6-4 Надзор над постапката

Надзорниот царински орган формира досие за секое поединечно одобрение. Досието содржи одобрение, сите оригинални царински декларации со кои стоката се става во постапка или со кои завршува постапката, сите документи кои имателот на одобрение ги поднесува до надзорниот царински орган заради исполнување на своите обврски наведени во одобрението и записници од контрола.

**Периодично доставување евиденција итн.**

*УСЦЗ чл. 326(3)* Централната управа на Царинската управа може во одобрението да побара евиденцијата да се доставува периодично. Тоа треба јасно да биде наведено во рубрика 16 во одобрението заедно со детални податоци за времето и начинот на нејзиното доставување.

Надзорниот царински орган може во секое време да побара од имателот на одобрение да достави евиденција со цел надзор над постапката.

Повеќекратно неисполнување на обврската за навремено поднесување евиденција значи неисполнување на обврските наведени во одобрението и

претставува основа за поведување на постапка за укинување на одобрението.

**Норматив**

Доколку нормативот не е утврден во одобрението или истиот се променил или не е точен, имателот на одобрението е должен да го извести надзорниот царински орган во моментот кога го знае точниот норматив или најдоцна до моментот на декларирање на добиените производи за слободен промет.

**Поедноставено одобрение**

Пред да ја завери декларацијата за извоз за облагородување на начин опишан во дел А-8-6-2-2 (со што декларацијата претставува одобрение), надзорниот царински орган мора да биде сигурен дека декларацијата ги исполнува условите за поедноставено давање одобрение.

Особено треба да биде сигурен дека е соодветен начинот на идентификација на привремено извезената стока во повторно увезената стока.

**Дополнителна контрола**

Надзорниот царински орган изготвува месечен план за контрола на иматели на одобрение. Со месечниот план се определува кои иматели на одобрение, за кој период, кои видови на стока и нормативи ќе бидат контролирани.

Плановите се изготвуваат врз основа на претходните контроли, обем на работа и анализа на ризик.
Секој имател на одобрение треба да биде контролиран најмалку еднаш годишно. По извршената контрола се изготвува записник за контрола кој се одложува во досието.

Врз основа на увидот во записници од извршена контрола, како и останати добиени или расположиви информации, надзорниот царински орган активно учествува во анализа на ризик и изготвување на профили за селективност при увозно-извозно царинење. Надзорниот царински орган ги следи наодите од увозно-извозното царинење врз основа на профилите утврдени на овој начин.

Доколку надзорниот царински орган утврди дека одобрението е дадено врз основа на неточни податоци или имателот на одобрение не ги исполнува обврските предвидени во одобрението и не ја спроведува правилно постапката и покрај укажувањата и опомените, доставува предлог за поништување или укинување на одобрението до Централната управа на Царинската управа. Кон предлогот се приложуваат и сите докази кои се потребни за одлучување (записник, опомена и други документи).

## А-8-6-5 Завршување на постапка

*ЦЗ член 163*

Постапката на извоз за облагородување завршува и може да се бара целосно или делумно ослободување од плаќање царински давачки и ДДВ кога добиените производи или заменувачките производи се пуштаат во слободен промет.

Кога имателот на одобрение увезува добиени производи произведени од домашна стока која претходно била извезена во постапка на извоз за облагородување, тогаш тој мора да достави увозна декларација за пуштање во слободен промет. Тој може да побара ослободување само за добиените производи кои ги имаат тарифните ознаки за кои има одобрение за извоз за облагородување.

Постапката на извоз за облагородување завршува врз основа на:

*УСЦЗ член 116*

1. Царинска декларација во редовна постапка; или

*УСЦЗ член 195 (2)*

2. Непотполна декларација; или

*УСЦЗ член 195 (2)*

3. Поедноставена декларација во случај на поедноставена постапка за декларирање; или

*УСЦЗ член 195 (2)*

4. Запишување на стоката во евиденција во случај на постапка на локално царинење.

Постапката за стоката мора да заврши во рокот за завршување на постапката согласно одобрението.

*УСЦЗ член 331*

Доколку имателот на одобрение ставил стока во постапка со повеќе декларации и не може да утврди кои добиени производи се добиени од која увезена стока, тогаш тој може да ја заврши постапката редоследно, почнувајќи со декларацијата која е најрано поднесена од сите поднесени декларации.

Поедноставените постапки (2, 3 и 4) подетално се разгледуваат во дел А-6.

**Царинска декларација во редовна постапка**

***Поднесување декларација***

Декларацијата се поднесува кај царинскиот орган за завршување на постапка наведен во одобрението или, доколку декларацијата се однесува на поедноставено одобрение, истата се поднесува кај царинскиот орган во местото каде што се води главното книговодство на имателот на одобрение.

*УСЦЗ член 321*

На барање на имателот на одобрението кое се поднесува во слободна форма, надзорниот царински орган може со забелешка на барањето да одобри царинската декларација за завршување да се поднесе кај царински орган кој не е наведен во одобрението.

***ЕЦД***

За да се заврши постапката на извоз за облагородување и да се побара ослободување од плаќање давачки, до царинскиот орган за завршување на постапката мора да се поднесе декларација која се состои од листовите 6, 7 и 8 од ЕЦД.

Како дополнување на вообичаените податоци за увозната стока, мора да се обезбедат и следните податоци:

| **Рубрика** | **Податоци што се внесуваат** |
|---|---|
| **1** | Во првата подрубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри (IM) а во втората подрубрика се запишува првата бројка од шифрата наведена во првата подрубрика од рубрика 37 (6 за повторен увоз со пуштање во слободен промет). |
| **8** | Назив, адреса и даночен број на имателот на одобрение. |
| **31** | Вообичаен трговски назив на стоката со сите потребни податоци кои овозможуваат идентификација на стоката, на начин како што тоа е дадено во одобрението. |
| **33** | Тарифна ознака на стоката запишана во рубрика 31. |
| **37** | Во првата подрубрика се запишува шифра за царинската постапка од кодексот на шифри со четири бројки составена од шифра од две бројки која ја означува бараната постапка после која следат вторите две бројки кои ја означуваат претходната постапка (на пример за повторен увоз со пуштање во слободен промет после привремен извоз во постапка на извоз за облагородување 6121). Втората подрубрика се пополнува за специфични постапки, со шифра составена од буква после која следат две бројки. |
| **44** | Шифра на надзорен царински орган/евиденционен број на одобрението/година. |
| **46** | Царинската вредност согласно спецификацијата на вредноста (рубрика З во прилог Д и рубрика Е во прилог Ѓ) споменати подолу. |
| **47** | Пресметка на давачки со вид на давачки во првата колона и начин на плаќање на давачките во последната колона. Износ на увозни давачки и ДДВ согласно спецификација за вредност (прилог Д или Ѓ). |

***Спецификација на вредност***

Постојат два вида спецификација:

- Спецификација на вредноста (прилог Ѓ) кога се употребува методот на додадена вредност (опишан во А-8-6-1-4)

- Спецификација на вредноста (прилог Д) кога се употребува методот на разлика помеѓу давачките (опишан во А-8-6-1-4)

Кога стоката се декларира за слободен промет во постапка на извоз за облагородување, кон царинската декларација мора секогаш да биде приложена спецификација на вредноста (прилог Д или прилог Ѓ) дури и кога се работи за бесплатна поправка на стока.

***Документи што ја придружуваат декларацијата***

Имателот на одобрение мора да обезбеди доволно документација за да докаже дека стоката за облагородување била извезена во постапка на извоз за облагородување и за да овозможи царинскиот орган за завршување на постапка да ја идентификува извезената стока и да ги провери нормативот и пресметките на давачки. Следниве документи може да бидат побарани како соодветни:

- Листот број 3 од извозната декларација EX 2 - како доказ дека стоката за облагородување била извезена во постапка на извоз за облагородување. Мора да се достави листот број 3 заверен од страна на царинскиот орган за ставање во постапка. По увозното царинење, царинскиот орган за завршување на постапка го заверува листот број 3 со забелешка на задната страна:

*Оваа декларација е целосно раздолжена*
*(IM A 6 со регистарски број, датум, потпис, печат)*

Потоа, листот број 3 од декларацијата EX 2 се враќа на имателот на одобрение.

Доколку извезената стока повторно се увезува во неколку пратки, се постапува согласно подолу наведеното во "Повторен увоз на добиени производи во неколку пратки".

- Спецификацијата на вредноста (прилог Д или прилог Ѓ) - овој образец е потребен секогаш кога повторно се увезуваат добиени производи. Се употребува да се направи декларација согласно точниот статусот на повторно увезената стока. Исто така, се употребува и за покажување на пресметката за побараното ослободување и износот на давачки што треба да се плати.

- Гаранција - доколку имателот на одобрение бара целосно ослободување од увозни давачки затоа што извезената стока била поправена или заменета бесплатно во гарантен рок, тој мора да приложи примерок од гарантен лист, или друг доказ дека поправката или замената не била платена и нема да биде платена.

- Сервисен договор или “продолжена” гаранција - некои трговски друштва имаат договори со компании надвор од Македонија кои им овозможуваат да праќаат стока за поправка со плаќање на фиксна цена за сервисирање. Кога истата стока повторно се увезува по извршената поправка, придружната документација може да не покаже дека била платена било каква цена за поправката. Меѓутоа, вистинската цена за поправката и сервисирањето е предмет на увозни давачки. Слично на тоа, предмет на увозни давачки е и продолжената гаранција за која се врши “еднократно” плаќање. Доколку имателот на одобрение има стока

поправена со договор сличен на погореспоменатиот, може да не е во можност да ги пресмета увозните давачки и ДДВ за секоја поединечна пратка. Меѓутоа, тој мора да пријави кај царинските органи дека плаќа за поправка и да се договори со нив да ги плаќа увозните давачки и ДДВ кога плаќа за извршеното сервисирање.

• Други придружни документи. Имателот на одобрение мора исто така да обезбеди други документи неопходни за барањето за ослободување како на пример, фактура за трошоците за облагородување, транспорт и осигурување.

***Повторен увоз на добиени производи во неколку пратки***

Доколку добиените производи повторно се увезуваат во повеќе од една пратка, тоа може да претставува проблем и за царинскиот орган и за имателот на одобрение за следење на количината на извезената стока вградена во повторно увезените производи.

Ослободување од плаќање увозни давачки и ДДВ во рамките на постапката на извоз за облагородување може да се одобри единствено за количината на стока којашто била претходно извезена од Македонија.

За оваа цел, од имателот на одобрение се бара на задната страна од листот број 3 од извозната EX 2 декларација да ја запише количината на извезена стока употребена за производство на добиените производи декларирани со увозната декларација и да ја прикаже состојбата на извезената стока која што останува за понатамошно облагородување по извршеното царинење на оваа пратка.

По царинењето на добиените производи, состојбата се заверува од страна на царинскиот орган со број и датум на IM 6 декларацијата и потпис и печат.

Листот број 3 од извозната EX 2 декларација се враќа на имателот на одобрение.

**Царинење кај царинскиот орган за завршување на постапка**

Покрај редовната постапка на царинење и контрола при увоз на стока (количина на стока, царинска вредност, увозни давачки и ДДВ итн.) мора да се провери следното:

- Заедно со декларацијата мора да се достави и фотокопија од одобрението

- Повторно увезената стока мора да е наведена во рубрика 8 од одобрението

- Декларацијата мора да се пополни согласно правилата за пополнување на рубриките во ЕЦД

- Доколку добиените производи повторно се увезуваат во повеќе од една пратка состојбата на извезената стока мора да се прикаже на задната страна од листот број 3 од извозната EX 2 декларација

- Царинскиот орган за завршување на постапка со печат, потпис и број на IM 6 декларацијата на листот број 3 од извозната ЕЦД го заверува завршувањето на постапката како што е погоре споменато. По заверката, листот број 3 се дава на имателот на одобрение или неговиот застапник.

За сите царински декларации IM 6 со кои завршува постапката на извоз за облагородување во претходниот ден, потребно е да се изготви извештај во три примероци. Два примерока од извештајот со сите оригинални царински декларации со приложените документи треба да се достават до надзорниот царински орган наведен во одобрението. Надзорниот царински орган заверува една копија од извештајот и ја враќа на царинскиот орган за завршување на постапка, кој го става извештајот во посебен регистратор со извештаи како потврда за прием на првиот примерок на извештајот.

**Ова упатство се применува од 01. 01. 2006 год.**

Изработиле: Ванчо Лазаров

Гордана Диневска

# Прилог 27 (обрасци на барање и одобрение)

## ОБРАСЦИ НА БАРАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ

**(Членови 208, 209, 312 и 316)**

ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Формата на образецот не е строго определена; на пр. наместо рубрики царинскиот орган може да одреди образецот да биде со линии или ако е потребно просторот определен за рубриката да се прошири.

   Меѓутоа, редните броеви и соодветниот текст се задолжителни.

2. Царинскиот орган може да одреди рубрики или линии за национални потреби. Овие рубрики или линии се означуваат со реден број и голема буква (на пр. 5А).

3. Начелно рубриките со редни броеви напишани со црни масни букви задолжително се пополнуваат. Забелешките се однесуваат на исклучоците.

4. Појаснувачките забелешки треба да ги содржат шифрите за економските услови за увоз за облагородување согласно со Анекс 44.

# Прилог 27 (обрасци на барање и одобрение)

## ОБРАСЦИ НА БАРАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ

ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

Формата на образецот не е строго определена; на пр. наместо рубрики царинскиот орган може да одреди образецот да биде со линии или ако е потребно просторот определен за рубриката да се прошири.

Меѓутоа, редните броеви и соодветниот текст се задолжителни.

Царинскиот орган може да одреди рубрики или линии за национални потреби. Овие рубрики или линии се означуваат со реден број и голема буква (на пр. 5А).

Начелно рубриките со редни броеви напишани со црни масни букви задолжително се пополнуваат. Забелешките се однесуваат на исклучоците.

**Барање за давање одобрение за употреба на царинска постапка со економски ефект**

Забелешка: Ве молиме обрнете внимание на соодветните коментари при пополнување на овој образец

<table>
<tr><td colspan="6">1. Подносител на барањето</td><td colspan="6">Резервирано за царински цели</td></tr>
<tr><td colspan="6">2. Царинска постапка(и)</td><td colspan="3">3. Вид на барање</td><td colspan="3">4.Дополнителни обрасци</td></tr>
<tr><td colspan="12">5. Место и вид на книговодство/евиденција</td></tr>
<tr><td colspan="6">6. Рок на важење на одобрението</td><td colspan="6" rowspan="2"></td></tr>
<tr><td>а</td><td colspan="2"></td><td>б</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="12">7. Стока која се става во царинска постапка</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тарифна ознака</td><td colspan="4">Опис</td><td colspan="3">Количина</td><td colspan="3">Вредност</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td><td colspan="3"></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="12">8. Добиени или облагородени производи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тарифна ознака</td><td colspan="7">Опис</td><td colspan="3">Норматив</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="7"></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="12">9. Податоци за планираните активности</td></tr>
<tr><td colspan="12">10. Економски услови</td></tr>
<tr><td colspan="12">11. Царински орган(и)</td></tr>
<tr><td>а.</td><td colspan="11">за ставање во постапка</td></tr>
<tr><td>б.</td><td colspan="11">за завршување</td></tr>
<tr><td>в.</td><td colspan="11">надзорен орган</td></tr>
<tr><td colspan="3" rowspan="2">12. Идентификација</td><td colspan="3" rowspan="2">13.Рок за завршување (месеци)</td><td colspan="4">14. Поедноставени постапки</td><td colspan="2">15 Пренесување</td></tr>
<tr><td>а</td><td></td><td>б</td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="12">16. Дополнителни податоци</td></tr>
<tr><td colspan="12">17.<br><br>Потпис ............................................ Датум ...............................................<br>Име ..................................................</td></tr>
</table>

Барање за давање на одобрение за употреба на извоз за облагородување

Дополнителен образец

| 18. Систем на замена<br><br>без претходен извоз<br><br>со претходен извоз | |
|---|---|
| 19. Заменувачки производи | |
| Тарифна ознака | **Опис** |
| | |
| 20. Член 397 (2) | |
| 21. Дополнителни податоци | |
| 22.<br><br>Потпис........................................<br><br>Име............................................ | Датум................................................... |

Одобрение за користење на царинска постапка со економски ефект

<table>
<tr><td colspan="4"></td><td colspan="4">...........................................................<br>(Број на одобрение)</td></tr>
<tr><td colspan="4">1. Имател на одобрение</td><td colspan="4">Орган кој го дал одобрението</td></tr>
<tr><td colspan="8">1а. Ова одобрение се однесува на вашето барање (број и датум)</td></tr>
<tr><td colspan="4">2. Царинска постапка</td><td colspan="2">3. Вид на одобрение</td><td colspan="2">4. Дополнитални обрасци</td></tr>
<tr><td colspan="8">5. Место и вид на книговодство/евиденција</td></tr>
<tr><td colspan="4">6. Рок на важење на одобрението<br>а | | б |</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="8">7. Стока која може да се стави во царинска постапка</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тарифна ознака</td><td colspan="2">Опис</td><td colspan="2">Количина</td><td colspan="2">Вредност</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="8">8. Добиени или облагородени производи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тарифна ознака</td><td colspan="4">Опис</td><td colspan="2">Норматив</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="8">9. Податоци за планирани активности</td></tr>
<tr><td colspan="8">10. Економски услови</td></tr>
<tr><td colspan="8">11. Царински орган</td></tr>
<tr><td>а.</td><td colspan="7">за ставање во постапка</td></tr>
<tr><td>б.</td><td colspan="7">за завршување</td></tr>
<tr><td>в.</td><td colspan="7">надзорен орган</td></tr>
<tr><td colspan="2">12. Идентификација</td><td colspan="2">13. Рок за завршување (месеци)</td><td colspan="3">14. Поедноставена постапка<br>а | | б |</td><td>15. Пренесување</td></tr>
<tr><td colspan="8">16. Дополнителни податоци/услови (на пр. барана гаранција)</td></tr>
<tr><td colspan="8">17.<br>Датум Потпис Печат<br>Име</td></tr>
</table>

**Одобрение за употреба на извоз за облагородување**

***Дополнителен образец***

| | |
|---|---|
| | ....................................................<br>(број на одобрение) |

<table>
<tr><td colspan="2">18. Систем<br><br>без претходен извоз<br><br>со претходен извоз</td></tr>
<tr><td colspan="2">19. Заменувачки производи</td></tr>
<tr><td>Тарифна ознака</td><td>Опис</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">20 . Член 397 (2)</td></tr>
<tr><td colspan="2">21. Дополнителни податоци</td></tr>
<tr><td colspan="2">22.<br>Датум **Потпис** **Печат**<br><br>**Име**</td></tr>
</table>

## ПОЈАСНУВАЧКИ ЗАБЕЛЕШКИ

**Поглавие I**

**Податоци кои треба да се внесат во различните рубрики од образецот на барањето**

Општа забелешка:

Повикувањата се однесуваат на спроведување на одредбите од Царинскиот Закон освен ако поинаку не е уредено.

| 1. **Подносител на барање** |
|---|

Се запишува  име и назив  и живеалиште и седиште на подносителот на барањето. Подносителот на барањето е лице на кое треба да му се даде одобрение.

| **2. Царинска постапка(и)** |
|---|

Се запишува царинската постапка(и)  по која стоката наведена во рубрика 7 има намера да се стави. Соодветни царински постапки се следниве:

слободен промет со крајна употреба

царинско складирање

увоз за облагородување-систем на одложување

увоз за облагородување-систем на враќање

преработка под царинска контрола

привремен увоз

**извоз за облагородување**

Забелешка: Кога подносителот на барањето бара одобрение за користење на повеќе од една царинска постапка (интегрирано одобрение) и образецот не одговара на барањата (бидејќи стоката која треба да се стави во царинска постапка не е истата за секоја постапка)  се употребуваат одделни обрасци.

| **3. Вид на барање** |
|---|

Видот на барањето мора да биде запишан во оваа рубрика со употреба на барем една од следните шифри:

1 = прво барање

2= барање за изменето или обновено одобрение (одговара на соодветниот број на одобрението)

3=барање за сукцесивно одобрение (увоз за облагородување)

| 4. Дополнителни обрасци |
|---|

Се запишува бројот на приложените дополнителни обрасци.

*Забелешка:*

Дополнителните обрасци се предвидени за следните царински постапки: царинско складирање, увоз за облагородување (кога тоа е неопходно) и извоз за облагородување ( кога тоа е неопходно).

| 5. **Место и вид на книговодство/евиденција** |
|---|

Се запишува местото на книговодството. Ова е место каде што се наоѓаат трговските, даночните или книговодствени податоци на подносителот на барањето, или каде што такви податоци се водат во негово име. Треба да се наведе и видот на книговодството со наведување на податоци за системот кој е употребен.
Треба да се наведе и видиот на евиденцијата(евиденција на стока) која се користи за царинската постапка. Евиденција значи: податоци кои ги содржат сите потребни информации и технички поединости, кои му овозможуваат на царинскиот орган надзор и контрола на царинската постапка.

| 6**. Рок на важност на одобрението** | | | |
|---|---|---|---|
| а | | б | |

Во полето 6а. од барањето се запишува датумот на бараниот почеток на важење на одобрението (ден/месец/година). Во принцип прв можен датум на важност е датумот на давање на Одобрението. Во овој случај се пишува датумот на давање. Рокот на истекување на важност на одобрението се наведува во рубрика 6б.

| 7**. Стока која се става во царинска постапка** | | | |
|---|---|---|---|
| Тарифна ознака | Опис | Количина | Вредност |
| | | | |

*Тарифна ознака*

Се пополнува согласно Царинската тарифа ( десетоцифрена тарифна ознака).

*Опис*

Се запишува трговскиот и/или техничкиот опис на стоката.

*Количина*

Се запишува предвидената количина за која постои намера да се стави во царинска постапка.

*Вредност*

Се запишува предвидената вредност во евра или друга валута, за стоката за која постои намера да се стави во царинска постапка.

Забелешка:

**Извоз за облагородување:**

Тарифна ознака:Може да се наведе четвороцифрен тарифен број. Меѓутоа, десетоцифрената тарифна ознака мора да се наведе кога:

- се користи истоветна стока или стандарден систем на замена,
- се применува Член 397 став (2) од оваа Уредба,
- по барање на царинскиот орган во согласност со Член 314 став (1) од оваа Уредба.

Опис: Трговскиот и/или техничкиот опис треба да биде доволно јасен и детален за да овозможи донесување на одлука за барањето. Кога се планира употреба на истоветна стока или стандарден систем на замена потребно е да се дадат податоци за трговскиот квалитет и техничките карактеристики на стоката.

| 8. Добиени или облагородени производи | | |
|---|---|---|
| Тарифна ознака | Опис | Норматив |
| | | |

Општи забелешки:

Се запишуваат податоци за сите добиени производи кои се резултат на операции кои укажуваат на главниот добиен производ (ГДП) или секундарниот добиен производ (СДП) како што е соодветно.

Тарифна ознака и опис:

Види ги забелешките за рубрика 7.

Норматив:

Се наведува предвидениот норматив или методот со кој тој норматив се одредува.

| **9. Податоци за предвидените активности** |
|---|

Се запишува видот на предвидените активности (пр. податоци за операциите под договор за лон работи или вид на вообичаени облици на

ракување) кои се вршат на стоката во рамките на царинската постапка. Исто така се запишува и соодветното место(а).

Ако во рубриката 2 е побарана повеќе од една царинска постапка, описот мора јасно да покажува дали ставањето на стоките во царинска постапка е наизменично или сукцесивно.

**10. Економски услови**

Барателот мора да ги наведе причините за исполнување на економските услови.

*Забелешка:*

Во случај на:
извоз за облагородување: се пополнува рубрика 10 само ако тоа е побарано од страна на царинскиот орган во согласност со членот 396 од оваа Уредба.

| 11. **Царински орган** | |
|---|---|
| а. | **за ставање во постапка** |
| б. | **за завршување** |
| в. | **надзорен царински орган** |

Се запишува предложениот царински орган(и).

*Забелешка:*

Во случај на крајна употреба рубриката 11 б не се пополнува.

**12. Идентификација**

Во рубриката 12 се запишуваат предвидените средства за утврдување на идентификација со употреба на најмалку една од следните шифри:

1=сериски број или број на производителот
2=прицврстување на пломби, печати или други обележја
3=информативнии листи ИНФ
4=земање на мостри, илустрации или технички опис
5=вршење на анализа
6=информативен документ пропишан во Прилог 56 104 (погодно единствено за извоз за облагородување)
7=останати средства за идентификација (да се објасни во рубрика 16 "дополнителни податоци")

*Забелешка:*
Рубриката 12 не се пополнува во случај на извоз за облагородување со стандарден систем на замена или кога се применува членот 397 став (2) од Уредбата. Наместо претходното, ќе се пополнат рубриките 19 или 21 од дополнителниот образец за ´извоз за облагородување´.

**13. Рок на завршување (месеци)**

Се запишува предвидениот рок потребен да се извршат операциите или да се употреби царинската постапка(и) која е побарана (рубрика 2). Овој рок започнува кога стоката е ставена во царинска постапка. Овој рок завршува кога на стоката или производите им се доделува ново царински дозволено постапување или употреба, во зависност од случајот, а заради добивање на целосно или делумно ослободување од увозни давачки по пуштање на стоката во слободен промет по извоз за облагородување.

| 14. **Поедноставени постапки** | | | |
|---|---|---|---|
| а | | б | |

Рубрика 14 а:

Ако постои намера да се употреби поедноставените постапки за ставање во постапка истите се запишуваат со употреба на барем една од следниве шифра:

1 = непотполна декларација (Член 167 253 став (1) од оваа Уредба)

2 = поедноставена постапка за декларирање (Член 167 253 став (2) од оваа Уредба)

3 = постапка на локално царинење со ставање на увид (Член 167 253 став (3) од оваа Уредба)

4 = постапка на локално царинење без ставање на увид (Член 167 253 став (3) од оваа Уредба)

Рубрика 14 б:

Ако постои намера да се употреби поедноставени постапки за раздолжување истите се запишуваат со употреба на барем една од следниве шифри:

Истите како за рубрика 14 а.

**15. Пренесување на стока**

**16. Дополнителни податоци**

Се запишуваат сите дополнителни податоци кои ги сметате за корисни.

17.

**Потпис**............................................... **Датум** ................................................

**Име**...................................................

Ако се употребува дополнителен образец наместо оваа пополнете ја само соодветната рубрика (22, 23 или 26).

**ОДДЕЛ II**

**Забелешки кои се однесуваат на дополнителните обрасци**

*Дополнителен образец ’извоз за облагородување’*

| 18. Систем |
|---|

Кога постои намера се запишуваат соодветните шифри:

1 = стандарден систем на замена без претходен увоз
2 = стандардни систем на замена со претходен увоз

| 19. Заменувачки производи | |
|---|---|
| Тарифна ознака | Опис |
| | |

Кога се планира да се употребува стандарден систем на замена (можен единствено за поправка), се запишуваат десетоцифрената тарифна ознака, трговскиот квалитет и техничките карактеристики на заменувачките производи за да му се овозможи на царинскиот орган да ја направи неопходната споредба помеѓу стоката за привремен извоз и заменувачките производи. Предвидените шифри за рубрика 12 може да се употребуваат заради предложување на дополнителни средства кои можат да бидат употребливи за оваа споредба.

| 20. Член 397 став (2) |
|---|

Кога видот на операциите за облагородување не дозволува да се утврди дека добиените производи се резултат стока за привремен извоз, одобрението сепак може да се даде во добро оправдани случаи, под услов подносителот на барањето да може да понуди доволни гаранции дека стоката која се употребува во операциите за облагородување ја има истата десетоцифрена тарифна ознака, истиот трговски квалитет и истите технички карактеристики како и стоката за привремен извоз. Шифрите кои се предвидени за рубрика 12 може да се употребуваат заради предложување на дополнителни средства, кои можат да бидат употребливи за оваа цел. Ако такво одобрение се применува во рубрика 20 се запишува ´ДА´ и се даваат соодветни податоци.

| 22. Дополнителни податоци |
|---|

Се запишуваат сите дополнителни податоци кои се сметаат за корисни согласно рубриките 18 до 20.

# Прилог А (норматив)

Доколку подносителот на барањето ја употреби за облагородување истата количина стока што ја примил, нормативот е 1:1. Ова најчесто важи за стоката за поправка или за помали активности со вообичаените облици на ракување согласно Прилог 52.

Доколку подносителот на барањето прими различни видови стока за изработка на еден вид производ, тогаш нормативот се изразува во количината од секоја стока содржана во еден производ што го извезува или на друг начин се ослободува од него, на пример 1,5 метри ткаенина, 400 метри конец и 10 копчиња за една кошула. Ќе биде од помош доколку тој обезбеди „листа на материјали„ за секој добиен производ. Листата на материјали треба да ја прикаже количината на секој вид од увозната стока употребена за производство на една единица од секој вид добиен производ. Ова, исто така, овозможува побрза и попрецизна проверка на неговата евиденција од страна на надзорниот царински орган.

Доколку подносителот на барањето прими еден вид стока и го подели на повеќе производи, нормативот се изразува како количина на стока од која се добива еден производ (главни добиени производи) и остатокот како резултат на производството на овие производи (споредни добиени производи) на пр. од 1000 кг. дрвена граѓа се добиваат 14 маси, 12 столици и 2 полици за книги, и 50 кг. дрво/отпадок/струготини/пилевина (споредни добиени производи).

Доколку подносителот добие еден вид стока и овој вид стока се облагороди и стане составен дел од добиените производи, нормативот се изразува како процент во добиените производи, на пр. се увезуваат бадеми за производство на марципан. За производство на марципан се користи и многу шеќер, но според рецептот, за производство на еден килограм марципан се употребуваат 600 грама бадеми. Во тој случај нормативот е 60%.

**Пример 1**

100 кг. течност се увезува во постапка за увоз за облагородување. Постапката се состои во отстранување на водата од оваа стока со цел да се добие цврста агрегатна состојба:

100 кг.



10 кг. (вода) од увезената стока испарува за време на облагородувањето

90 кг. останува како добиен производ и се извезува

Н Нормативот во овој пример е 100%.

Во овој пример добиените производи се произведени од еден вид увозен материјал. Затоа нормативот се изразува во процент.

Тоа што останува (во овој случај 10 кг.) е загуба (дел од увозната стока што е уништена и загубена за време на операциите на облагородување, особено преку испарување, сушење, изветрување како гас или истекување (испуштање на гас или истекување низ одвод).

Загубата се смета дека е употребена при процесот на облагородување во добиените производи. Во овој случај, иако само 90 кг. се извезат, трговското друштво има целосна искористеност.

**Пример 2**

Добиените производи се кошули произведени од увезен текстил, копчиња и конец за шиење. Една кошула се добива од:

| | |
|---|---|
| Ткаенина | 2.83 метри (0,53 е остаток) |
| Копчиња | 12 парчиња |
| Конец за шиење | 20 метри |

Секојпат кога имателот на одобрение извезува една кошула, може да направи извештај за раздолжување за 12 копчиња итн., но не и за остатокот, само ако и остатокот, исто така, се извезува. Други можности се уништување на остатокот (само за системот за одложено плаќање) или пријавување на остатокот за слободен промет со плаќање давачки. Доколку остатокот е наведен во Прилог 45 давачките може да се платат во

согласност со царинската стапка што се применува за остаток, а не со царинската стапка што се применува за ткаенина.

Предвидениот норматив или методот според кој се пресметува мора да биде наведен во барањето за секој добиен или спореден добиен производ. Доколку е неопходно, нормативот може да се објасни во „лист со дополнителни објаснувања, или во, ‚листата на материјали. Ако барањето содржи повеќе од една операција за облагородување, странката мора да го наведе нормативот за секоја од овие операции.

**ПРИЛОГ X**

# ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ - Поедноставено давање на одобрение (чл. 314 од Уредбата за примена на ЦЗ)

(задолжителен прилог кон царинската декларација)

| **Царински орган:** | **Број/година на царинската декларација** (*пополнува царинскиот орган*): |
|---|---|

**1. Подносител на барање за издавање на одобрение** (назив, адреса, даночен број)**:**

**2. Вид на облагородување :**

- ☐ Поправка во гарантен рок
- ☐ Поправка (платива, надвор од гарантен рок)
- ☐ Систем на замена без претходен увоз
- ☐ Систем на замена со претходен увоз

**3. Стока која се извезува:**

| Ред. бр. | Трговски назив и технички опис на стоката | Тарифна ознака | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|---|

**4. Истоветност на стоката (начин на идентификација)**:

**5. Добиени производи:**

| Ред. бр. | Трговски назив и технички опис на стоката | Тарифна ознака | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|---|

| **6. Норматив на изработка или метода за утврдување на нормативот:** | **7. Рок за завршување на постапката:** |
|---|---|

**8. Место на извршување на облагородувањето:**

| Место и датум: | Печат на подносителот: | Име на одговорно лице и негов потпис: |
|---|---|---|

# Прилог Д (спецификација за вредност)

**ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ-СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ВРЕДНОСТ**

**Метод на разлика помеѓу давачките**

| | |
|---|---|
| **А**<br>Одобрение бр. од<br>Имател на одобрение: | **Б**<br>Надзорен царински орган:<br>Извозна декларација бр. од |

**Повторен увоз на стоката по облагородување**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **В**<br>**Обележете ја постапката** | Облагородување<br>☐ | | Стандардна систем на замена<br>☐ |

Доколку замената на стоката во гарантен рок е бесплатна, спецификацијата на вредноста подолу не се пополнува **освен** ако имателот на одобрение ги платил трошоците од рубрика Е

| | |
|---|---|
| **Г Царинска вредност на извезената стока** | **Ден**① |
| **Д** Вредност на употребените материјали испорачани од страна на имателот на одобрение кои не се извезени од Македонија. | Ден② |

**Ѓ** Трошоци на облагородување според фактура:

| Валута и износ | Девизен курс |
|---|---|
| | |

Ден③

**Е** Услови на испорака: ______________________________

Трошоци за враќање на стоката во Македонија

| Вид на трошоци | Денари |
|---|---|
| Транспорт | |
| Осигурување | |
| Пакување | |
| Друго | |
| **Вкупно трошоци (4)** | |

Ден④

| | |
|---|---|
| **Ж Вкупно трошоци (2 + 3 + 4)** | **Ден** ⑤ |
| **З Царинска вредност на повторно увезената стока (1 + 5)** | **Ден**⑥ |

**Ѕ Царински давачки за увезената стока**

| Тарифна ознака | Царинска стапка | Царинска вредност (6) |
|---|---|---|
| | | |

Ден ⑦

**И Царински давачки за извезената стока** *

| Тарифна ознака | Царинска стапка | Царинска вредност (1) |
|---|---|---|
| | | |

Ден ⑧

* ако постојат повеќе од еден вид стока, се пренесува единствено вкупниот износ на увозни давачки од спецификацијата подолу

| | |
|---|---|
| **Ј Пресметан износ на увозни давачки (7 - 8)** | **Ден** ⑨ |
| **К ДДВ за увезената стока (18% од (6 + 9))** | **Ден** |

**Л Декларација**

Горенаведените податоци се точни.

Стоката која во моментот на извоз била домашна стока или стока ставена во постапка на увоз за облагородување била извезена со извозната декларација наведена во рубрика **Б.** Кога стоката била извезена не било извршено никакво враќање на увозни давачки и ДДВ.

**Стандарден систем на замена**

Заменувачките производи

- имаат иста десетоцифрена тарифна ознака од Царинската тарифа
- имаат ист трговски квалитет
- имаат исти технички карактеристики

како и извезената стока.

**Бесплатна поправка или замена на стоката**

Стоката била поправена/заменета без никакви трошоци (вклучувајќи го транспортот итн) за имателот на одобрение поради обврските од гаранцијата или поради производна грешка. Кога стоката отпрвин била декларирана за слободен промет грешката не била земена предвид при утврдување на царинската вредност и царинската стапка.

**Љ**

Датум:

Потпис:

Име и презиме на потписникот

## СПЕЦИФИКАЦИЈА-ИЗВЕЗЕНА СТОКА

| Тарифна ознака | Царинска стапка | Царинска вредност | Увозни давачки |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Царинска вредност и увозни давачки на извезената стока** | | * | ** |

* да се пренесе во (1)
** да се пренесе во (8)

# Прилог Ѓ (спецификација за вредност)

**ИЗВОЗ ЗА ОБЛАГОРОДУВАЊЕ-СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ВРЕДНОСТ**

Метод на додадена вредност (УСЦЗ член 402)

<table>
<tr><td colspan="2">А<br>Одобрение бр. од<br><br>Имател на одобрение:</td><td colspan="2">Б<br>Надзорен царински орган:<br><br>Извозна декларација бр. од</td></tr>
<tr><td colspan="4">Повторен увоз на стоката по облагородување /поправка</td></tr>
<tr><td>В<br>Обележете ја постапката</td><td>Облагородување<br>☐</td><td>Поправка<br>☐</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку поправката на стоката во гарантен рок е бесплатна, спецификацијата на вредноста подолу не се пополнува освен ако иматело на одобрение ги платил трошоците од рубрика Ѓ</td></tr>
<tr><td colspan="3">Г Вредност на употребените материјали испорачани од страна на имателот на одобрение, кои не се извезени од Македонија.</td><td>Ден①</td></tr>
<tr><td colspan="3">Д Трошоци на облагородување/поправка според фактура:<br><table><tr><th>Валута и износ</th><th>Девизен курс</th></tr><tr><td></td><td></td></tr></table></td><td>Ден②</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ѓ Услови на испорака: ______________________________<br>Трошоци за враќање на стоката во Македонија<br><table><tr><th>Вид на трошоци</th><th>Денари</th></tr><tr><td>Транспорт</td><td></td></tr><tr><td>Осигурување</td><td></td></tr><tr><td>Пакување</td><td></td></tr><tr><td>Друго</td><td></td></tr><tr><td>Вкупно трошоци (3)</td><td></td></tr></table></td><td>Ден③</td></tr>
<tr><td colspan="3">Е Царинска вредност на повторно увезената стока (1 + 2 + 3)</td><td>Ден④</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ж Царински давачки за увезената стока<br><table><tr><th>Тарифна ознака</th><th>Царинска стапка</th><th>Царинска вредност (4)</th></tr><tr><td></td><td></td><td></td></tr></table></td><td>Ден ⑨</td></tr>
<tr><td colspan="3">З ДДВ за увезената стока (18% од (4 + 5))</td><td>Ден⑥</td></tr>
<tr><td colspan="4">Ѕ Изјава<br>Горенаведените податоци се точни.<br>Стоката која во моментот на привремен извоз била<br>• домашна стока со потекло од Република Македонија, или<br>• домашна стока увезена од други земји и пуштена во слободен промет со царинска стапка различна од нула, или<br>• стока во постапка на увоз за облагородување<br>била извезена според извозната декларација наведена во рубрика Б. Кога стоката била извезена не било извршено никакво враќање на увозни давачки и ДДВ.<br><br>Бесплатна поправка на стоката<br>Стоката била поправена без никакви трошоци (вклучувајќи го транспортот итн) за имателот на одобрение поради обврските од гаранцијата или поради производна грешка. Кога стоката отпрвин била декларирана за слободен промет грешката не била земена предвид при утврдување на царинската вредност и царинската стапка.</td></tr>
<tr><td colspan="4">И<br>Датум:<br>Потпис:<br>Име и презиме на потписникот:</td></tr>
</table>